УДК 811.163.3'367.626

проф. д-р Звонко Никодиновски
Филолошки факултет „Блаже Конески“ при УКИМ
nikodinz@gmail.com

КОМУНИКАТИВНИ ЕДИНИЦИ СО ЗАМЕНКИТЕ *КОЈ, НЕКОЈ, НИКОЈ, СЕКОЈ* ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Во трудот се проучува употребата на заменките *кој, некој, никој* и *секој* во четири видови на комуникативни единици во македонскиот јазик: интерактивни единици, пословици, афоризми и вицеви. Анализата на значенската страна на комуникативните единици се потпира врз поставките на **семиолошката семантика** како дисциплина која се занимава со системско проучување на изведените значења на јазичните единици и со нивна вредносна систематизација. Корпусот за истражувањето го сочинуваат комуникативни единици ексцерпирани од разни печатени и електронски речници, како толковни, така и специјализирани речници и зборници / книги на пословици, на афоризми и на вицеви на македонски јазик. Интерактивните единици**,** како говорни единици кои се јавуваат во говорната интеракција (или во нејзините изведени форми) меѓу говорникот и соговорникот, со оглед на тоа што до сега не биле посебно изделени и бележени, се претставени во најголем број од сите комуникативни единици во овој труд (со вкупно 131 единица). Останатите три вида комуникативни единици (пословици, афоризми и вицеви) се претстевни со по 16 единици, односно со по четири единици од секоја заменка одделно (*кој, некој, никој* и *секој*). Употребата на заменката *кој* во говорните интеракции се јавува честопати во прашална форма, и при тоа таа се одликува со висок интензитет на искажување на негативен однос кон соговорникот. Заменката *кој* се среќава многу често во пословици каде што се употребува самостојно без показната заменка *оној*, како што е случај и во други јазици (француски, италијански...). Оваа заменка е пригодна за обопштување на особините на луѓето и притоа секогаш се предава со позитивната или негативната форма на глаголот во релативната клауза или е придружена од позитивна или негативна придавска или прилошка одредба, при што многу често во една иста пословица се употребуваат и антонимни зборови. Во некои единици од корпусот може да се сретнат истовремено и по две единици, било исти или пак различни.

Клучни зборови: комуникативни единици, заменките *кој, некој, никој, секој,* македонски јазик, семиолошка семантичка анализа.

§ 1. Целта на нашиот труд е да претставиме и анализираме одредени комуникативни единици со заменките *кој, некој, никој* и *секој* во македонскиот јазик. Споменатите заменки можат да вршат именска или придавска функција во реченицата, а истовремено тие можат да се јавуваат во разни видови на комуникативни единици.

Комуникативните единици се такви говорни форми кои претставуваат изведување на одредено говорно дејство во

НИКОДИНОВСКИ, Звонко: „Комуникативни единици со заменките ‘кој, некој, никој, секој’ во македонскиот јазик“, *51. Меѓународна научна конференција*, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 2025, стр. 77-94.

рамките на говорната интеркомуникација.[1] Во овој труд ќе ја проучуваме употребата на заменките *кој, некој, никој* и *секој* во следните комуникативни едници во македонскиот јазик: **интерактивни единици, пословици, афоризми и вицеви.**

Во анализата на значенската страна на комуникативните единици ќе се служиме со поставките на семиолошката семантичка метода[2]: ќе утврдиме дали постои можност да извршиме семантичка тематска категоризација на единиците, од една страна, и нивна вредносна систематизација, од друга страна. Корпусот за истражувањето го сочинуваат комуникативни единици ексцерпирани од разни печатени и електронски речници, како толковни, така и специјализирани речници и зборници / книги на пословици, на афоризми и на вицеви на македонски јазик.

1. ЗАМЕНКИТЕ *КОЈ, НЕКОЈ, НИКОЈ, СЕКОЈ* ВО ИНТЕРАКТИВНИ ЕДИНИЦИ

Интерактивните единици се такви говорни единици кои се јавуваат во говорната интеракција (или во нејзините изведени форми) меѓу говорникот и соговорникот.

§ 2. Заменката ***КОЈ, КОЕ, КОЈА, КОИ*** со своите падежни форми (*кому, на кое, на која, на кои; кого̄, на кого̄*) може да врши именска или придавска функција во реченицата, а истовремено таа може да се јави во разни интерактивни единици. Во таа смисла, заменката *кој* може да се јави во формално прашални форми, но кои се одликуваат со висок интензитет на искажување на негативен однос кон соговоронкот:

---

[1] За поимот на говорна интеркомуникација, за видовите на говорна интеркомуникација, како и за видовите на говорни единици пишуваме во книгата: Никодиновски Звонко 2007 (2016): *Семиологија на говорот и на јазикот*, 2-ри Август С, Штип, 403 стр.

[2]За поставките на семиолошката семантичка метода пишуваме во статијата Никодиновски Звонко 2011: „За една семиолошка метода во семантичките истражувања – конституирање, принципи и аспекти“, *Годишен зборник,* Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, кн. 37, 119–131. Врз база на оваа метода ја постулиравме **семиолошката семантика** како дисциплина која се занимава со системско проучување на изведените значења на јазичните единици (сп. Никодиновски Звонко 2016: „Семиолошката семантика како теориска рамка за проучување на единиците од фраземското и од комуникативното рамниште“, in *Зборот збор отвора* (ed. Билјана Мирчевска-Бошева), Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 213–227.

(1) (интер.) ***Кој**, ја?!* = Изразување отфрлање од страна на говорникот на обвинувањата на соговорникот.; (2) (интер.) ***Кој**?!* (отсечно) = Иразување изненадување во однос на нешто што некој направил.; (3) (интер.) ***К-о-о-ој**?!* (издолжено) = Иразување изненадување и истовремено потврдно уверување во однос на нешто што некој направил.; (4) (интер.) ***Кој**!?* (потсмешливо) = Изразување потсмешлив став кон некого.; (5) (интер.) ***Кој, кој**?!* = Изразување заинтересираност за некого за кого соговорникот кажал нешто.: (6) (интер.) ***Кој** си бе ти?* =Изразување на спротиставување кон и омаловажување на соговорникот.; (7) (интер.) ***Кој** те шиша!* = Изразување на непочитување на авторитетот на соговорникот.: (8) (интер.) ***Кој** виде аир од тоа!* = Изразување на спротивен став во однос на ставот на соговорникот за корисноста на нешто.; (9) (интер.) ***Кој** ти е крив!* = Изразување на критичен став кон одредена акција на соговорникот.; (10) (интер.) ***Кој** што сака си прави!* = Изразување на критичен став кон неказнетото однесување на одредени лица.; (11) (интер.) ***Кој** за што, тој за...* = Изразување на негативен однос кон нечие настојчиво говорење за одредена тема.; (12) (интер.) ***Кој** во клин, кој во плоча!* = Изразување на негативен став кон нечие неусогласено однесување.; (13) (интер.) ***Кој** ми може нешто?* = Изразување самодоверие и пркос кон другите.; (14) (интер.) ***Кој** те пита, вошка кашла ли?!* = Укажување кон соговорникот дека не треба да се меша во она што не е негова работа.; (15) (интер.) ***Кој** сè не...!* = Изразување дека дошле многу луѓе, дури и такви што не требало да дојдат.; (16) (интер.) ***Кој** те праша?!* =Изразување на резигнираност дека не може да се влијае на настаните.; (17) (интер.) ***Кој** ти гледа ...?!* =Изразување став дека нешто не е толку важно за да се грижиме за тоа.; (18) (интер.) *На **кој** ум измет чиниш?!* = Изразување став дека соговорникот не треба некому да помага.; (19) (интер.) *А **кој** ќе те гледа?!* = Изразување став кон соговорникот дека тој има потреба од говорникот.; (20) (интер.) *Има **кој**!* = Изразување уверување кон соговорникот дека има кој да му помогне на говорникот.; (21) (интер.) *Ќе нема **кој** свеќа на гроб да ти запали*! = Изразување став кон соговорникот дека треба да се грижи за своите блиски.; (22) (интер.) ***Кој** има три чисти да му каже...?!* = Изразување став дека не може некому да му се спротивстават.*;* (23) (интер.) ***Кој** му дал диплома?!* = Изразување став дека некој не вреди

многу.; (24) (интер.) *Со* ***кој*** *тамеш си можел…?!* = Изразување став дека соговорникот не требал нешто да направи.; (25) (интер.) *На* ***кој****…?!* = Изразување став дека нема никој на кој говорникот може да се потпре.*;* (26) (интер.) *Не е било* ***кој****!* = Изразување став дек некој е вреден.; (27) (интер.) ***Кој*** *нашол ѓа ми зборува?!* = Изразување негативен став кон соговорникот дека тој не е вреден да го кажува тоа.; (28) (интер.) ***Кој*** *го измислил… браво (шетка)?!* = Изразување воодушевување од постоењето на нешто.*;* (29) (интер.) ***Кому*** *му шекнало, алал му вера?!* = Изразување воодушевување од постоењето на нешто.; (30) (интер.) ***Кој*** *би рекол?!* = Изразување на неверување во или изненаденост од нешто.;(31) (интер.) ***Кој*** *може, може!* = Изразување став дека говорникот не инсистира премногу некој нешто да направи.; (32) (интер.) *Знаеш ли ши* ***кој*** *сум јас?!* =Изразување закана кон соговорникот.; (33) (интер.) *Не,* ***кој*** *си?!* = Изразување спротивставување на перчењето на соговорникот.; (34) (интер.) ***Кој*** *било!* =Изразување став дека секој може да е добар за одредена работа.; (35) (интер.) ***Кој*** *си ши ѓа…*?! = Изразување спротивставување до соговорникот дека нема право да се меша.; (36) (интер.) ***Кој*** *ши кажа?!* = Изразување одбивање да се признае дека она што е кажано од страна на соговорникот е вистина.; (37) (интер.) ***Кој*** *знае!* = Изразување неверување или чудење пред нешто.; (38) (интер.) ***Кој****…* ***кој…!*** = Изразување одговор дека секој од присутните се занимава со нешто.; (39) (интер.) ***Кој*** *за што учел!* = Изразување одобрување за одредена привилегирана состојба.; (40) (интер.) ***Кој*** *е тој јунак што…?!* = Изразување став дека нема таков човек што може нешто да направи за одредена работа.; (41) (интер.) ***Кој*** *каѓе!* = Изразување став дека секој од споменатите се упатил на одредена страна.; (42) (интер.) *Како* ***кој***! = Изразување одговор дека секој различно се занимава со одредена работа.;(43) (интер.) ***Кој*** *оѓ кој!* = Изразување став дека споменатите се одликуваат со висока степен на одредено качество.; (44) (интер.) ***Кој*** *е кој*? = Поставување прашање во врска со можноста за разликување меѓу две или повеќе лица.; (45) (интер.) ***Кој*** *ќе стиѓне!* =Изразување став дека повеќе лица прават одредена работа.; (46) (интер.) ***Кој*** *е како тебе?!* = Изразување став дека соговорникот треба да е задоволен од својата положба.; (47) (интер.) ***Кој ши*** *рече – ѓери мече.* = Изразување став дека соговорникот не сака да го открие идентитетот на

лицето што му кажало нешто. (Речникот на Зозе Мургоски); (48) (интер.) *Со* ***кое*** *п̄раво (****Кој*** *т̄и ɡал за п̄раво)…=* Иразување став дека соговорникот не може или нема право да кажува одредени работи.

(49) (интер.) ***Кому****, бе т̄и сикт̄ер?*! = Изразување закана некому поради изговорените зборови.; (50) (интер.) *Оɡ* ***ког̄о*** *е – ɡобро е!* = Изразување ублажителен критичен став кон нешто што некој направил.; (51) (интер.) ***Кому*** *бе т̄ие финт̄и, а?* = Изразување одговор кон соговорникот дека говорникот разбрал што сака соговорникот.*;* (52) (интер.) ***Кому*** *му е г̄ајле?!* = Изразување став дека никој не се вознемирува поради нешто.*:* (53) (интер.) *Како* ***кому!*** = Изразување став дека кај разни луѓе различно делуваат одредени нешта.; (54) (интер.) ***Кому*** *иɡе!* = Изразување став дека нешто што се фрла може да погоди кое било нешто. (55) (интер.) *Знаеш ли т̄и со* ***ког̄о*** *зборуваш?!* = Изразување закана кон соговорникот.; (56) (интер.) *Ќе виɡиш т̄и со* ***ког̄о*** *имаш работ̄а?!* = Изразување закана кон соговорникот.

§ 3. Неопределената заменка ***НЕКОЈ, НЕКОЈА, НЕКОЕ, НЕКОИ*** со своите падежни форми (*некому, на некое, на некоја, на кои; неког̄о, на неког̄о*) може да врши именска или придавска функција во реченицата, а истовремено таа може да се јави во разни интерактивни единици.

И оваа заменка, исто како и заменката *кој,* добива често негативна референтна вредност; *некој* во своето неопределено значење упатува на нешто обично, просечно, обоено со негативна вредност. Со такво значење го среќаваме во следната единица: (57) (интер.) *Те п̄раша* ***некој*** *!* = Изразување префрлување кон некого да не се меша во разговорот.

Од друга страна, *некој* може да придобие и позитивна референтна вредност во контекст на имплицитно биномно спротивставување на *никој,* каков што е случајот во следниот пример: (58) (интер.) ***Некој*** *и нешт̄о!* = Изразување став дека некој е важен или угледен. (59) ***Некому*** *(за* ***неког̄о****) мајка,* ***некому (за неког̄о)*** *маќеа.* = Изразување став дека некој не се однесува подеднакво со различни луѓе.

Во серијата на интерактивни единици со заменката *некој* ќе ги наведеме и следните 49 (четириесет и девет) единици кои, од гледна точка на современиот македонски јазик, делуваат како да се архаизми. Имено, во денешните изрази тие се присутни без

заменката *некој* и можат да се јават и како фраземи, доколку останат неактуализирани пред сѐ со помош на темпорални морфеми. Во сите примери наведени во овој параграф не даваме објаснување на значењето, со оглед на тоа што споредбеникот е конкретна именка и на тој начин првиот дел од објаснувањето во секој од примерите би бил: = Изразување став дека …

(60) (интер.) *Беѓат како* ***некој*** *елен трекак.;* (61) (интер.) *Беѓат како* ***некоја*** *јагула, што се слизга од рака.;* (62) (интер.) *Збеснел како* ***некој*** *бесен пес.;* (63) (интер.) *И опулил очите како* ***некој*** *мачор.;* (64) (интер.) *Ит'р како* ***некој*** *ѓаол.;* (65) (интер.) *Лажит како* ***некој*** *Евреин.;* (66) (интер.) *Лежит мрзливион како* ***некој*** *умрен.;* (67) (интер.) *Му помина болеста како на* ***некое*** *куче.;* (68) (интер.) *Не опињај се како* ***некоја*** *жаба на брзеј.;* (69) (интер.) *Овенал како* ***некој*** *скинат тренгафил.:* (70) (интер.) *Од кол на кол ќе се наденеш на* ***некој****.;* (71) (интер.) *Окрвавил во очите како* ***некој*** *вампир.;* (72) (интер.) *Отворил очи како* ***некој*** *плочи.:* (73) (интер.) *Отфркна од мене како* ***некој*** *нерез.:* (74) (интер.) *Очите во глаа му играат како на* ***некој*** *сатана.;* (75) (интер.) *Поарно да роделе* ***некоја*** *жена камен отшто родила лош син.;* (76) (интер.) *Растит дете како кога да го тргат* ***некој*** *за уши.;* (77) (интер.) *Раширил уста како* ***некоја*** *ламја.;* (78) (интер.) *Санким ташка му му го отшепал* ***некој****, што се налутил.;* (79) (интер.) *Се наежил како* ***некој*** *еж.;* (80) (интер.) *Се заваќа како* ***некоја*** *капина.;* (81) (интер.) *Се закаса како* ***некој*** *бесен пес.;* (82) (интер.) *Се залачка како* ***некоја*** *бесна кучка.;* (83) (интер.) *Се залепил за мене како* ***некој*** *лепаец.;* (84) (интер.) *Се запил како* ***некоа*** *пијајца.;* (85) (интер.) *Се испраи како* ***некој*** *да е во планина.;* (86) (интер.) *Се надул како* ***некој*** *мисир.;* (87) (интер.) *Се напецал како* ***некоја*** *вошка.;* (88) (интер.) *Се напнал како* ***некоја*** *жаба на брзеј.;* (89) (интер.) *Се скрил како* ***некој*** *зајак во рас.;* (90) (интер.) *Се стуткал како* ***некоја*** *водица.;* (91) (интер.) *Се стуткал како* ***некоја*** *сиротица.;* (92) (интер.) *Си лежи на колк како* ***некој*** *дембел.;* (93) (интер.) *Скакаа ле од кол на кол, ќе се наденат на* ***некој****.;* (94) (интер.) *Скокат како* ***некоја*** *жаба или како скакулец.;* (95) (интер.) *Стоит како* ***некое*** *дрво.;* (96) (интер.) *Стоит како* ***некој*** *дирек.;* (97) (интер.) *Стоит како* ***некој*** *пот пред владика.;* (98) (интер.) *Туку вреви како* ***некоја*** *празна воденица.;* (99) (интер.) *Туку го врти газот ергенон како* ***некој*** *калајџија.;* (100) (интер.) *Туку ржат како* ***некој*** *коњ за зоб.;* (101) (интер.) *Туку 'ржит како* ***некој*** *пес во кочин.;* (102) (интер.) *Туку се дуе како* ***некој*** *мисир.;* (103) (интер.) *Туку се миткат како* ***некоја*** *лисица.;* (104) (интер.) *Устата ја отворил како* ***некоја*** *чапја.;* (105) (интер.) *Црн како* ***некоја*** *гламна.;* (106) (интер.) *Што ит'р ет како* ***некоја*** *лисица.;* (107) (интер.) *Што се дуе дека е*

лична ***некоја*** *невеста кога е безризична.;* (108) (интер.) *Што дека е учен* ***некој*** *кога е серсем.*

§ 4. Одречната заменка ***НИКОЈ, НИКОЈА, НИКОЕ, НИКОИ*** со своите падежни форми (*никому, на никое, на никоја, на никои; никого, на никого*) може да врши именска или придавска функција во реченицата, а истовремено таа може да се јави во разни интерактивни единици.

(109) (интер.) ***Никој*** *и ништо!* = Изразување став за некого дека е безначајна, неважна личност.; (110) (интер.) ***Никој*** *жар на меот не ти кладе!* = Изразување став дека соговорникот се возбудува премногу без причина.; (111) (интер.) ***Никој*** *не те фатил за гуша!* = Изразување став дека соговорникот се возбудува премногу без причина.; (112) (интер.) ***Никој*** *не ти го клал ножот под гуша!* = Изразување став дека соговорникот се возбудува премногу без причина.; (113) (интер.) ***Никоја*** *река не го мие, лели во борч влезе!* = Изразување став дека некој се наоѓа во незавидна финансиска положба.; (114) (интер.) ***Никому*** *ништо!* = Изразување став дека она што се случило никого не го засега.; (115) (интер.) ***Никој*** *ништо не ми(у) може!* = Изразување уверување дека говорникот (лицето) е обезбеден(о) од сите страни.; (116) (интер.) *Како* ***никој!*** = Изразување уверување дека говорникот се чувствува исклучително добро.; (117) (интер.) *Во* ***никој*** *случај!* = Изразување уверување дека нешто не треба воопшто да се случи.; (118) (интер.) ***Никој*** *не може да знае (или каже)!* = Изразување уверување дека не може да се знае што се случило или што може да се случи.; (119) (интер.) ***Никој*** *друг туку (тој и тој лично)!* = Изразување став дека говорникот е изненаден од идентитетот на одредено лице.

§ 5. Општата заменка ***СЕКОЈ, СЕКОЈА, СЕКОЕ, СЕКОИ*** со своите падежни форми (*секому, на секое, на секоја, на секои; секого, на секого*) може да врши именска или придавска функција во реченицата, а истовремено таа може да се јави во разни интерактивни единици.

(120) (интер.) ***Секоја*** *чест!* = Искажување признание за и респект кон нешто.*;* (121) (интер.) ***Секое*** *добро!* = Изразување на посакување некому да му се случат добри нешта.; (122) (интер.) *На* ***секој*** *начин!* = Изразување став дека се користат сите можни средства.; (123) (интер.) ***Секој*** *еден!* = Изразување став дека секој учествува во нешто.; (124)

(интер.) ***Секој*** *по свое*! = Изразување став дека секој работи според своите интереси.; (125) (интер.) ***Секој*** *со своето!* = Искажување став дека секој човек е преокупиран со сопствените обврски.; (126) (интер.) *Во* ***секое*** *време*! = Изразување став дека говорникот е расположен за нешто во кое било време.; (127) (интер.) *За* ***секој*** *случај!* =Изразување став дека треба да се преземат мерки на претпазливост.; (128) (интер.) *Во* ***секој*** *случај!* = Изразување став дека нешто треба задолжително да се направи.; (129) (интер.) *По* ***секоја*** *цена!* = Изразување став дека нешто треба да се направи без оглед на тешкотиите и последиците.; (130) (интер.) *На* ***секој*** *чекор!* = Изразување став дека нешто се среќава насекаде.; (131) (интер.) *Во секој поглед!* = Изразување став дека предикацијата е повеќестрана и се однесува на повеќе домени.

2. ЗАМЕНКИТЕ *КОЈ, НЕКОЈ, НИКОЈ, СЕКОЈ* ВО ПОСЛОВИЦИ

Најбројни комуникативни единици кои содржат некоја од горните заменки претставуваат пословиците.[3] Во нашиот корпус евидентиравме над 930 пословици. Тука приведуваме по четири пословици со секоја од четирите заменки:

(132) (посл.) ***Кој*** *барат жена без кусур, без жена ќе остаит.* = Во животот луѓето не треба многу да пребираат.; (133) (посл.) ***Кој*** *високо лета, ниско паѓа.* = Во животот луѓето не треба да се однесуваат премногу горделиво или самобендисано.; (134) (посл.) ***Кој*** *нема деца, за деца плаче;* ***кој*** *има деца, од деца плаче.* = Луѓето, особено оние кои се во брак, сакаат да имаат деца, но истовремено имаат и големи обврски да ги одгледаат и израснат.; (135) (посл.) ***Кој*** *спие со деца, се буди измокрен.* = Луѓето треба да бидат свесни за околностите на своето однесување.;

(136) (посл.) *Ако сакаш да го отепаат* ***некој*** *пес, речи оти е*

[3]Во нашиот труд ја користиме следната дефиниција на пословицата преземена од трудот на НИКОДИНОВСКА, Дијана: *ДОБРОТО и ЛОШОТО како вредносни категории во пословиците во италијанскиот, во јапонскиот и во македонскиот јазик,* 2016, стр. 21: *„Пословицата е меморизирана, реченична, интонациско-ритмичка, неавторска, комуникативна единица која, употребувајќи го фигуративниот говор, изразува одреден обопштен став и се користи во говорот за изведување на разни говорни акти.“.*

од бес. = Кога луѓето ќе си постават одредена цел, па макар и злобна, си наоѓаат секогаш оправдување.; (137) (посл.) ***Некому*** *глава му пукат,* ***некому*** *оро му се играт.* = Состојбите и расположенијата на луѓето можат да бидат различни во даден момент.; (138) (посл.) *Ако е* ***некој*** *буала, не види му оруѓар*. = Луѓето не треба да ги следат лошите примери од другите.; (139) (посл.) *Кога* ***некој*** *се дави, и за сламка се фаќа.* = Кога се наоѓаат во опасна ситуација, луѓето ги користат сите средства да излезат од неа.;

(140) (посл.) *Без пари* ***никој*** *не те сака.* = Поседувањето пари игра голема улога во однесувањето на луѓето едни спрема други.: (141) (посл.)***Секој*** *само ум ти продат, а* ***никој*** *не ти помогвит.* = Луѓето многу често им даваат совети на други луѓе наместо да им помагаат.; (142) (посл.) ***Никој*** *не го викат вълкот за до изејт.* =Луѓето не треба сами да ги предизвикуваат опасностите.; (143) (посл.) *Лажлив човек и право да кажува,* ***никој*** *не го верува.* = Луѓето треба да бидат искрени со другите луѓе.;

(144) (посл.) *Во* ***секое*** *село и град башка адет.* = Луѓето во различни средини создаваат и различни форми на однесување.; (145) (посл.) ***Секоја*** *Ежупка своето решето си фалит.* = Човекот секогаш се грижи највеќе за себе и за своите најблиски.; (146) (посл.) *Ако се сториш овца,* ***секој*** *ќе те стрижит.* = Човекот треба да биде горделив и да не им се потчинува на другите.; (147) (посл.) *Кога ќе дојт чвек до питачки стај,* ***секој*** *бегат од него.* = Луѓето не сакаат да бидат многу сиромашни.

3. ЗАМЕНКИТЕ *КОЈ, НЕКОЈ, НИКОЈ, СЕКОЈ* ВО АФОРИЗМИ

Во нашиот корпус евидентиравме бројни афоризми.[4] Тука приведуваме по четири афоризми со секоја од четирите заменки:

[4] Во нашиот труд ја користиме дефиницијата на афоризмот изложена во трудот на НИКОДИНОВСКИ, Звонко & БАБАМОВА, Ирина: "Афоризмот како говорна единица во францускиот и во македонскиот јазик – I дел – Поим и дефиниција", XXIX Научна конференција. – Скопје: Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2003, стр. 454: *„Афоризмот претставува говорна единица во која низ куса форма и на концизен начин се изразува критички и хумористичен однос кон стварноста."*

(148) (афор.) *Независен кандидат е само оној кандидат,* ***кој*** *не се кандидира!* (Иван Карадак): (149) (афор.) *Нормално е што овој народ верува во вампири,* ***кој*** *стигнал до сега, му ја цицал крвта!* (Иван Карадак); (150) *Дали човекот* ***кој*** *гледа зеленило на хоризонтот е оптимист или далтонист?* (Зоран Михајлов); (151) (афор.) *Глупиот* ***кој*** *се дружи со умни не е толку глуп, умниот* ***кој*** *се дружи со глупи не е толку умен*. (Киро Урдин)

(152) (афор.) *Не е проблем ако е човек глуп. Опасно е ако е интелигентен, а гласал за* ***некој*** *глупак!* (Васил Толевски); (153) (афор.) *За да го чуеш* ***некој*** *каков е, одземи му го зборот.* (Киро Урдин); (154) (афор.) ***Некој*** *нема морал,* ***некој*** *има – два!* (Ефтим Гашев); (155) (афор.) *Зад* ***секој*** *наш кадар, се крие* ***некој*** *политиски - режисер!* (Иван Карадак);

(156) (афор.) *Кај нас нема потреба од правна држава, излезе дека* ***никој*** *не е виновен.* (Живко Наумовски); (157) (афор.) ***Никој*** *не станал сит јадејќи ќотек.* (Ристо Филчевски); (158) (афор.) *Сите сме атеисти.* ***Никојникому*** *не верува!* (Ефтим Гашев); (159) (афор.)*Кога сте слаб* ***никој*** *не ве почитува, кога сте моќен* ***никој*** *не ве сака.*(Киро Урдин)

(160) (афор.) ***Секој*** *целат крваво го заработува својот леб*. (Дукан Јелен); (161) (афор.) *Сè е под контрола,* ***секојсекого*** *контролира.* (Зоран Михајлов); (162) (афор.) *Македонскиот народ конечно постигна заедништво.* ***Секој*** *по* ***секого*** *плука!*(Васил Толевски); (163) (афор.)***Секоја*** *опозиција совршено знае како да ги реши проблемите што не знаела кога била позиција*! (Иван Карадак).

4. ЗАМЕНКИТЕ *КОЈ, НЕКОЈ, НИКОЈ, СЕКОЈ* ВО ВИЦЕВИ

Во нашиот корпус евидентиравме голем број на вицеви со горните заменки. Тука приведуваме по четири вица со секоја од четирите заменки:

(164) (виц) *Се караат две плавуши.*

-Зошто спиеше со мојот маж?

-Па да видам ***кој*** *е подобар, мојот или твојот.*

-Па глупачо, можеше мене да ме прашаш. (Митревски: Македонски вицеви)

(165) (виц) *-Шефе, дај ми слободен ден утре, сакам да одам на погреб на тештата.*

- *А* ***кој*** *не би сакал.* (Митревски: Македонски вицеви)

(166) (виц) -*А, што се добива кога се вкрстат гулаб писмоносец и клукајдрвец, ќе ни каже...да видиме* ***кој*** *дига рака... Тони!*

- *Добар поштар. Носи писма и чука на врата.* (Војче Китаноски: Антологија на 500 најубави вицови за деца)

(167) (виц) *Разговараат тројца будали во лудница:*
Првиот вели: Јас сум Наполеон!!!
Вториот вели: ***Кој*** *ти кажа?*
Првиот вели: Господ ми кажа!
Третиот вели: Лаже, лаже јас не му кажав!!!!

****

(168) (виц) -*Наставничке дали казнувате* ***некој*** *што ништо не направил.*

-*Не. А зошто?*

-*Јас ништо не напишав за домашна.* (Војче Китаноски: Антологија на 500 најубави вицови за деца)

(169) (виц) *Сретнал* ***некој*** *петел мало пиле како пуши на улица, па му вика:*

- *Што правиш бе мангуп. Ќе те кажам на татко ти и мајка ти ако веднаш не*

престанеш да пушиш.

- *Што ми е мене гајле, бе. Јас сум од инкубатор.*

(Митревски: Македонски вицеви)

(170) (виц) *Цветко бил пред умирање. На постелата, сакајќи мирно да оди на оној свет,*

ја прашува жена си:

Жено, дали ти некогаш си спиела со ***некој*** *друг?*

Абе, би ти кажала, но што ако не умреш.(Митревски: Македонски вицеви)

(171) (виц) *Добиле полицајците нови саати и командирот објаснува:*

- *Со овие саати можете и да се бањате! Се јавува* ***некој*** *полицаец и го прашува:*

- *А каде се пушта топла вода?*(Митревски: Македонски вицеви)

****

(172) (виц) - *Ако афричкиот лав се бори со афричкиот тиѓар, кој ќе победи?*

- ***Никој*** *наставничке, во Африка нема тиѓар.*(Војче Китаноски: Антологија на 500 најубави вицови за деца)

(173) (виц) *Цветко решил да купи стан во Скопје, бендисал еден и прашува:*

Добро, станчево е супер, а дали е тивка населбава?

Како не, за една недела имавме 7 ѓрабежи, 3 силувања и едно убиство, и ***никој*** *ништо не слушнал!* (Митревски: Македонски вицеви)

(174) (виц) *И се јавил дечкото на девојката и ѝ рекол:*

- Дојди кај мене, нема ***никој****.*

Девојката се истушширала, се дотерала, отишла кај неѓо и ... немало ***никој****.* (Митревски: Македонски вицеви)

(175) (виц) *Пристиѓнува Исус на Тајната вечера и ѓледа сите апостоли славаат, пијаат, се журкаат и* ***никој*** *не ѓо рецка ни 2%. После неколку неуспешни обиди да привлече внимание, Исус ѓо фаќа еден од присутните и ѓо прашува:*

- Што се случува?

- Немам поим. Јуда части – продал нешто. (Митревски: Македонски вицеви)

****

(176) (виц) - *Зошто во Кина нема комарци?*

- ***Секој*** *Кинез убил по еден.* (Митревски: Македонски вицеви)

(177) (виц) *Тројца преживеани бродоломци на пуст остров нашле златна рибка. Рибката им рекла дека на* ***секој*** *од нив ќе му исполни по една желба.*

Првиот: - Јас сакам да си одам дома.

Вториот: - И јас.

Третиот: - Е, што ќе правам јас сам тука. Нека се вратат другарите.

(Митревски: Македонски вицеви)

(178) (виц) *Некоја банка ја пљачкаат по трет пат и полицаецот ја распрашува службеничката:*

- Како изгледаше човекот?

- Појма немам, само знам дека ***секој*** *пат дојде со поскапо одело!* (Митревски: Македонски вицеви)

(179) (виц) *Трпе и Трпана седат на тераса.* ***Секој*** *си го пие својот пијалок, Трпе пиво, Трпана сокче.*

Трпе: - Те сакам!

Трпана одговара иронично:

- Тоа го велиш искрено, или од тебе зборува пивото?

Трпе: - Ова му го велам на… пивото!

(https://forum.femina.mk/threads/Вицови.82/page-153)

На крајот ќе наведеме и една шеговита приказна која ги содржи сите четири заменки истовремено, со таа разлика што наместо заменката *кој* се јавува заменката кој *било*:

(180) *Приказна за четиритемина по име Секој, Билокој, Никој и Некој*

Требаше да се заврши една важна работа. ***Секој*** *беше сигурен дека* ***Некој*** *ќе го стори тоа.* ***Билокој*** *можеше да ја заврши работата, а* ***Никој*** *не се нафати, затоа што Некој се налути бидејќи тоа беше работа на Секој. Секој пак мислеше дека Билокој ќе ја заврши работата, но Никој не сфати дека Секој нема да го стори тоа. Се заврши така што, Секој го обвини Некој дека Никој не го стори тоа што требаше да го направи Билокој.*(Војче Китаноски: Енциклопедија за хумор и сатира)

ЗАКЛУЧОК

Истражувањето што го спроведовме за употребата на заменките *кој, некој, никој, секој*, заедно со нивните падежни форми, во четири видови на комуникативни единици во македонскиот јазик (интерактивни единици, пословици, афоризми и вицеви), нè доведе до следните заклучоци:

- Сите четири заменки земени заедно се присутни со по над сто јавувања во секоја од четирите комуникативни единици од нашиот корпус;
- Во нашиот труд претставивме вкупно 180 комуникативни единици со четирите заменки. Меѓу претставените

комуникативни единици во овој труд кои содржат најголем број единици со четирите заменки, ги среќаваме интерактивните единици со вкупно 131 единица. Нивното бројно присуство во нашиот труд се должи на фактот што овие единици не биле изделувани како посебни единици, биле бележени спорадично и тоа најчесто како фрази / фразеологизми или како пословици.

- Употребата на заменката *кој* во говорните интеракции се јавува честопати во прашална форма, и при тоа таа се одликува со висок интензитет на искажување на негативен однос кон соговоронкот.
- Заменката *кој* се среќава многу често во пословици каде што се употребува самостојно без показната заменка *оној*, како што е случај и во други јазици (француски, италијански...). Оваа заменка е пригодна за обопштување на особините на луѓето и притоа секогаш се предава со позитивната или негативната форма на глаголотво релативната клауза или е придружена од позитивна или негативна придавска или прилошка одредба, при што многу често во една иста пословица се употребуваат и антонимни зборови.
- Во некои единици може да се сретнат истовремено и по две заменки,било исти ((посл.) ***Некому*** *глата му пукат,* ***некому*** *оро му се играт.* = Состојбите и расположенијата на луѓето можат да бидат различни во даден момент.) или пак различни ((посл.) ***Секој*** *само ум ти продат, а* ***никој*** *не ти помогвит.* = Луѓето многу често им даваат совети наместо да им помагаат на други луѓе.).
- Најголем број на заменки (вкупно четири) среќаваме во единицата предадена под број (180) *Приказна за четиритемина по име Секој, Билокој, Никој и Некој.*

ЛИТЕРАТУРА

Минова-Ѓуркова Лилјана 1994: *Синтакса на македонскиот стандарден язик*, 313 стр.

Никодиновска Дијана 2016: ДОБРОТО *и* ЛОШОТО *како вредносни категории во пословиците во италијанскиот, во јапонскиот и во македонскиот јазик,* Боро Графика, Скопје, 319 стр.

Никодиновски Звонко 2007 (2016): *Семиологија на говорот и на јазикот*, 2-ри Август С, Штип, 403 стр.

Никодиновски Звонко 2011: „За една семиолошка метода во семантичките истражувања – конституирање, принципи и аспекти“, *Годишен зборник,* Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, кн. 37, 119–131.

Никодиновски Звонко 2016: „Семиолошката семантика како теориска рамка за проучување на единиците од фраземското и од комуникативното рамниште“, in *Зборот збор отвора* (ed. Билјана Мирчевска-Бошева), Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 213–227.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА НА ИЗВОРИ

Извори за интерактивни единици и за пословици

Величковски Боне 2006: *Македонски пословици и поговорки*. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 298 стр.

Велковска Снежана 2008: *Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник,* Скопје, 375 стр.

Георгиевски Драган 2011: *Дека л’жата вечерала, тој не ос’мнуе. Кратовски народни пословици и поговорки книга 2,*126 стр.

Дигитален речник на македонскиот јазик <http://drmj.eu/> (пристапено на: 10.8.2024).

Димитровски Тодор, Ширилов Ташко 2003: *Фразеолошки речник на македонскиот јазик.Том први.* Скопје: Огледало, 433 стр.

Foulon-Hristova Jordanka 2010:*Proverbes, dictons, comparaisons stereotypees de Macedoine,* 516 стр.

Јакимовска Илина 2004: *Амбар на душата: етичкото во поговорките*, (Пословици според собирачот Илија Китановски предадени во табели, 139–202)

Јовановски Апостол Поп 2009: *5000 македонски мудрости, поговорки, изрази,* 210 стр.

Каваев Филип 1961: *Народни пословици и гатанки од Струга и Струшко*. Скопје: Институт за македонски јазик, 189 стр.

Китевски Марко 1988: *Фолклорни бисери*, Македонска книга, Скопје, 277 стр.

Китевски Марко 2006: *Македонски народни умотворби*, 247 стр.

Котев Иван 2012: *Мудроста на вековите. Македонски народни пословици и поговорки од Струмица и струмичко,* 511 стр.

Јанкула Крисанта 2009: *Поезија и проза од мојот крај* (Пословици, поговорки и изреки стр. 38–86)

Мазнику Цветан-Цфарку, Вељо С. 2009: *Голобордски фолкллор 1 – Поословици и поговорки,* 193 стр.

Македонски народни умотворби. Том IV, книга 1: Пословици, (во редакција на Х. Поленаковиќ & К. Пенушлиски). 1954. Скопје: Кочо Рацин, 302 стр.

Macedonian Proverbs. Македонски пословици и поговорки – by George Mitrevski <http://www.pelister.org/folklore/proverbs/index.php>

Мургоски Зозе 2011: *Толковен речник на македонски јазик*, Скопје, 1.487 стр.<https://zoze.mk/> (пристапено на: 18.8.2024).

Пенушлиски Кирил 1969: *Пословици и Гатанки*. Скопје: Македонска книга, 259 стр.

Пенушлиски Кирил 1980:*Малеш и Пијанец* (Пословици, стр. 309–379)

Прилепчански Венко 2007: *Пословици, благослови, клетви и изрази од Штип и Штипско,*297 стр.

Речник на македонскиот јазик (со српскохрватски толкувања) I-III 1961–1966, (редактор: Б. Конески, составувачи: Т. Димитровски, Б. Корубин, Т. Стаматоски), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Теохаров Ахил Николов 2001: *Малешевски народни пословици и поговорки,* 71 стр.

Толковен речник на македонскиот јазик I-VI, 2003–2014, (редактор: К. Конески), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 637+675+613+680+623+571 стр. (електронската верзија се наоѓа на адресата: <https://makedonski.gov.mk/>) (пристапено на: 20.8.2024).

Цветковски Радован П. 1993:*Македонски народни пословици,* 102 стр.

Цепенков Марко К. 1972: *Македонски народни умотворби. Книга осма: Пословици. Поговорки, Гатанки, клетви и благослови,* (редактирал: Т. Саздов). Скопје: Македонска книга, 343 стр.

Шапкарев Кузман А. 1989: *Одбрани страници,* (приредил: М. Китевски). Скопје: НИО „Студентски збор“, 237 стр.

Ширилов Ташко 2008: *Фразеолошки речник на македонскиот*

јазик. Том втори. Скопје: Огледало, 435 стр.

Ширилов Ташко 2009: *Фразеолошки речник на .македонскиот јазик*. Том трети, Скопје: Огледало, 478 стр.

Извори за афоризми

Гашев Ефтим 2008: *Аритмија: сатирични афоризми*, авторско самоиздание Скопје, 144 стр.

Гашев, Ефтим 2011:*Сончогледи – афоризми*, 147 стр.

Филчевски Ристо-Устапетров, Костадин-Панов Ѓорѓи 2010: *Пополнета празнина, –афоризми*,129 стр.

Карадак Иван 1987: *Од врвот на јазикот*, 92 стр.

Карадак Иван 2008: *Мисли без протокол*, 306 стр.

Карадак Иван 2014: *Мисли со боцки*, 171 стр.

Киселиновски Стојан 1993: *Афоризми*, 63 стр.

Крлевски Атанас 2009: *Крлевизми – афоризми*, 127 стр.

Михајлов Зоран 2004: *Анимална анимација (афоризми и хуморески),* 126 стр.

Михајлов Зоран 2006: *Мисловник* (*афоризми*), 239 стр.

Михајлов Зоран 2007: *Мали сказни, не баш мазни – афоризми*, 127 стр.

Низ сито и решето – етноафоризми 2022, 83 стр.

Павлов Живко 2000: *Македонска поетска пародијада*, стр. 77–160.

Перински Бошко 1994: *На Бош,*87 стр.

Полазаревски Ванчо 1987: *Па што. Скриптиз*, 53 стр.

Толевски Васил 2006: *Музика за глуви*, 84 стр.

Толевски Васил 2007: *Исусе, Луцифер не вика (на македонски и српски)*, 166 стр.

Толевски Васил 2013: *Библија за неверници,* Макформ, Скопје.

Толевски Васил 2013: *Врели мразови – антологија на македонскиот афоризам*, 143 стр.

Толевски Васил 2014: *Маде ин Мацедониа*, Макформ, Скопје.

Толевски Васил 2017: *Исусовите антихристи (македонски и англиски),* 351 стр.

Урдин Киро 2002: *Планетаризми*, 134 стр.

Извори за вицеви

< https://forum.femina.mk/threads/ Вицови.82/>

<http://forum.idividi.com.mk/forum_topics.asp?FID=31>

<https://www.motika.com.mk/vicovi/>

<https://okno.mk/vic>

<http://www.pelister.org/folklore/humor/humor.php> (Митревски Георге: Македонски вицеви)

<https://puls24.mk/zanimlivosti/vicoteka/>

<https://www.vicoteka.mk/>